ИЗЛОЖБИ

# СВЕТСКА НОВИНАРСКА ФОТОГРАФИЈА

***Во периодот од 14 февруари до 16 март, во Музејот на современата уметност - Скопје, ќе биде претставена изложбата посветена на независната новинарска фотографија.***

Општоприфатено е мислењето дека важноста на фотографијата не се состои само во фактот на творечкиот чин, туку особено во нејзината улога како едно од најделотворните, а воедно и од најманипулаторските средства што ги обликуваат човековите мисли и однесување. Денес мал број луѓе знаат за Nikefor Nieps, но фотографијата што тој прв ја направил во 1827 година е најпознат и најприфатен јазик на комуницирање на современата цивилизација. Последното десетлетие на 19 век го означува



почетокот на новата ера - во 1876 година за прв пат во весници се објавува фотографија репродуцирана со механички средства. Таа случка има револуционерно значење за пренос на информациите и е појдовна точка за создавање на масовните медиуми, кои денес имаат семоќна улога. Историјата на фотографскиот портрет започнува во Франција, додека фотоновинарството се создава на почетокот на 20-тиот век во Германија, во кое дејствуваат првите големи фоторепортери, со чија заслуга оваа професија добива признание.

На изложбата, организирана од World Press Photo, Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија и на Македонскиот



институт за медиуми, се претставени 37 (не)зависни фотографи или, поточно, 207 фотографии објавени во 2001 година. Наградите им се доделени на поединечни или на групни

*World Press Photo (WWPh) е фондација за поддршка на развојот на независната новинарска фотографија, основана во 1995 година, која секоја година го распишува најпрестижниот светски конкурс на кој можат да конкурираат фотографии објавени во текот на претходната година. Освен конкурсот за новинарска фотографија, WWPh издава книга, организира семинари и изложба со фотографии од конкурсот. Годинешната изложба ќе гостува во 37 земји.*

*На конкурсот објавен во 2001 година биле пријавени вкупно 42.321 фотографии од 3.938 фотографи од 121 земја во светот, а награди им биле доделени на 63 фотографии од 18 различни категории. Наградата за фотографија за 2001 година и е доделена на фотографијата "Семејство на имигранти од МексикоР во домот во Тексас" на фотографот Лара Цо Реган од САД.*

фотографии што се поделени во повеќе подгрупи (главни вести, општи вести, луѓе во вести, портрети, спорт, уметност, секојдневен живот, наука и технологија, природа и опкружување...) и претставуваат различни субјективни и нецензурирани пристапи, гледишта и стилови. Секоја изложена фотографија (група фотографии) е придружена со опис на нејзиното создавање, условите во кои е реализирана таа и со приказна за претставениот настан и за личностите, со што се постигнува поголема информираност за процесот на фотографирање - од идеја до нејзина реализација.

Од насловот на изложбата ("Светска новинарска фотографија") се подразбира дека изложените фотографии ги претставуваат најдобрите реализации не само во поглед на нивното техничко остварување, кадрирањето, "чувството за моментот" и сензацијата, туку и во поглед на развиениот осет за естетско прикажување дури и на најтрагичните нешта од животот. Непостоењето на особени правила во однос на стандардните форми и на употребените техники (колор и црно-бела техника, филм и дигитален запис), овозможува на оваа изложба да се видат многу интересни прикази што се движат од најтрадиционални до најсовремени. За разлика од дневнополитичките информатори и независно од нивните манипулаторски насоки, преку ваков вид слободно и нецензурирано претставување е реализирана мисијата на фондацијата WWPh - "да ја промовира слободната и нерестриктивна размена на информации и да се поттикнат високо професионалните стандарди во фотоновинарството".

Маја ЧАНКУЛОВСКА

